20250711517

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД

Врз основа на член 15-а став (4) од Законот за заштита на потрошувачите (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 236/22, 3/25 и 49/25), министерот за економија и труд, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА СТОКИТЕ И ПОДАТОЦИТЕ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ОБЈАВУВААТ ОД СТРАНА НА МАЛ, СРЕДЕН И ГОЛЕМ ТРГОВЕЦ КОЈ ВРШИ ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА НА МАЛО

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на објавување на цените на стоките и податоците што треба да се објавуваат од страна на мал, среден и голем трговец кој врши дејност трговија на мало.

Член 2

(1) Малиот, средниот и големиот трговец кој врши дејност трговија на мало согласно Националната класификација на дејностите (во понатамошниот текст: трговец) ги објавува цените на стоките кои ги пласира на пазарот на својата веб-страница на јасен и достапен начин, преку посебен дел на веб-страницата на трговецот посветен на цените (Ценовник).

(2) Објавените цени треба да бидат достапни без потреба од регистрација или дополнителна најава.

(3) Цените на стоките (тековната продажна цена, единечната цена, промотивната или попустната цена) за секој одделен продажен објект на трговецот се објавуваат на веб-страницата согласно ставот (1) на овој член и ги содржат податоците утврдени во Прилогот, кој е составен дел на овој правилник.

(4) Доколку од страна на трговецот се нудат промотивни или попустни цени, на веб-страницата на трговецот треба да биде означена редовната цена, процентот или износот на намалувањето, како и времетраењето на промоцијата или попустот.

Член 3

(1) Трговците треба да ги ажурираат цените на стоките на дневна основа, односно секој работен ден до 10:00 часот.

(2) Во случај на ненамерна техничка грешка во ажурирањето на цените на стоките, трговецот треба да ја корегира грешката во рок од 24 часа.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 23-1883/1
28 март 2025 година
Скопје

Министер за економија и труд,
**Бесар Дурмиши**, с.р.

**Прилог**

**Табеларен приказ за цените на стоките (тековната продажна цена, единечната цена, промотивната или попустната цена) за секој одделен продажен објект на трговецот**

Датум и време на последното ажурирање на цената

| Назив на стока-производ (трговска марка, модел и сл.) | Продажна цена<br><br>(со ДДВ) | Единична цена<br><br>(по килограм, литар, метар и сл.) | Опис на стока | Достапност во продажен објект | Редовна цена<br><br>(со ДДВ) | Промотивна или попустна цена | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Цена со попуст (со ДДВ)<br><br>Попуст (%) | Вид на продажно поттикнување (промотивна цена, лојалност, пакетна понуда, сезонски попуст и сл.) | Времетраење на промоција или попуст |